Приватна високообразовна установа
- Висока стручна школа
ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА
Бр. 02-380/1
13.07 2017 год.
СКОПЈЕ

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ВО ОБЛАСТА НА МАРКЕТИНГ И ВО ОБЛАСТА НА МЕНАЏМЕТ НА ПРИВАТНАТА ВИСОКО ОБРАЗОВНА ИНСТИТУЦИЈА – ВИСОКА СТРУЧНА ШКОЛА "ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА" СКОПЈЕ**

Со Одлука бр. 02-278/2 донесена на 64 -та седница на Наставничкиот совет на приватната високо образовна институција – Висока стручна школа "Факултет за бизнис економија" Скопје, од 26.05.2017 година определени сме за членови на Рецензиона комисија за избор на еден наставник во наставно звање професор во областа на Маркетинг.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник Нова Македонија од - 21.04.2017 год. и во предвидениот рок се пријави само кандидатката проф. д-р Жанина Кировска.

Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатката, чест ни е на Наставничкиот совет на ПВУ-ВСШ Факултет за бизнис економија – Скопје, да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

*Биографски податоци*

Вишиот предавач/Проф.д-р Жанина Кировска, додипломските и постдипломските студии од областа на економските науки (Економска политика/ Надворешна трговија), ги завршува на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј", Скопје. Магистерскиот труд го има одбрането под наслов „Кредитирање на надворешната трговија", а со титулата Доктор на економски науки, се стекнува на Универзитетот "Св.Климент Охридски", Битола, со својот научен труд „Кредитните аранжмани како услов за раст и развој на Република Македонија".

Низ долгогодишното професионално искуство во органите на државната управа, работи на задачи насочени кон спроведување на владини реформи и градење на институционалните капацитети, со ангажман во највисоките менаџерски тела.

За првпат изборот во звање доцент д-р Жанина Кировска е извршен на Универзитетот за туризам и менаџмент Скопје, со Одлука на Матичната комисија за вршење на подготвителни работи за почеток со работа на Универзитетот од 08.05.2009 година, а согласно извештајот на рецензентската комисија за избор во звање, бр.1 од 06.04.2009 година.

Од февруари 2011 до септември 2012 година, покрај едукативните процеси и наставните активности, ја извршуваше функцијата Декан на Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент при Универзитетот за туризам и менаџмент Скопје, со што целосно се насочува, кон студентите и предметите од областа на маркетингот.

Проф.д-р Жанина Кировска од 2013 година, со одлука на Наставничкиот совет на ПВУ-ВСШ Факултет за бизнис економија - Скопје обавува настава во областа на Менаџмент и во областа на Маркетинг во наставно звање виш предавач на првиот циклус студии.

Со Одлука на Научниот совет на Приватниот научен институт за бизнис економија – Скопје е ангажирана во реализирање на наставата од вториот циклус на студии, а својата активност ја продолжува во оваа институција најпрво со научно звање научен соработник/ доцент, а во 2015 година е избрана со научно звање виш научен соработник/ Вонреден професор, во областа на Маркетинг.

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

- Ангажираност на прв циклус на студии: Основи на менаџмент, Интегриран бизнис пристап 1, Интегриран бизнис пристап 2, Управување со човечки ресурси, Одржлив маркетинг, Стратегии и тактики за формирање на цените, Е-бизнис дистрибутивни канали.
- Ангажираност на втор циклус на студии: Политика на цени и менаџмент со трошоци, Менаџмент со меѓународни деловни финансии, Финансирање и управување со малите бизниси

Едукативните активности од областа на маркетингот и менаџментот ги реализира преку низа наставни предмети како: Интегриран бизнис пристап 1, Интегриран бизнис пристап 2, Стратегии и тактики за формирање на цените, Промоција и пропаганда, Основи

на менаџмент, Политика на цени и менаџмент со трошоци. (Страна 1,2 Табелата за вреднување на професионалните референци на лицето за избор д-р Жанина Кировска).

***<u>Наставни учебници</u>***

1. Група автори, „Стратегиски менаџмент", Скопје, 2010 год.
2. Жанина Кировска, Шеќеринка Ивановска, „Финансиски систем и фискална економија", Скопје 2010 год.
3. Жанина Кировска, „Трговски менаџмент", Скопје 2011 год.

***<u>Други трудови</u>***

Стручен превод и редакција на дел од „Банкарски менаџмент" оригинален наслов "Bank Management", од авторите Timothy W. Koch & S. Scott MacDonald, 2006 South Western Cengage Learning, за потребите на Министерството за образование и наука, Договор бр. 1000-196-2-м/02-12, од 09.06.2014 година.

Стручен превод и редакција на „Маркетинг" оригинален наслов "Marketing", од авторите Charles W.Lamb, M.J Neeley School of Business Texas Christian University; Joseph F. Hair, JR. Department of Marketing, Kennesaw State University; Carl McDaniel Department of Marketing University of Texas at Arlington; 2009 South Western Cengage Learning, за потребите на Министерството за образование и наука, Договор бр. 821-217-1, 2-м, 02/12 од 29.06.2012 година.

Покрај наставните активности, својата образовна дејност ја надополнува со континуирани менторства на дипломски трудови, учество во комисии за оценка или одбрана на магистерски трудови, изработка на наставни планови, програми, елаборати за потребите на институцијата. (Страна 1,2 Табелата за вреднување на професионалните референци на лицето за избор д-р Жанина Кировска).

***<u>Научно-истражувачка дејност</u>***

Жанина Кировска ги завршува постдипломските студии на 15.05 1997 со број на диплома 311, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Скопје на Економскиот факултет

Скопје, со просечен успех 9,69 и стекнува право на научен степен *магистер на економски науки.* Насловот на магистерскиот труд гласи: *„Кредотирање на надворешната трговија“.* Магистерскиот труд е изработен под менторство на проф. д-р. Тихомир Јовановски.

На 06.05.2004 год., Жанина Кировска успешно ја одбранува докторската дисертација *„Меѓународните кредитни аранжмани како фактор за поттикнување на економскиот раст и развој на Република Македонија“*, а како мултидисциплинарна тема опфаќа проблематика, која наидува на широка практична примена за економските субјекти, а воедно напишаниот труд од аспект на науката има наушно-истражувачки анализи, коишто треба да ја збогатат економската и научната мисла.

Од нејзиното именување за научен соработник/доцент избрана е за ментор на 9 магистерски дисертации, успешно одбранети од страна на кандидатите.

Својата научно- истражувачка активност ја продолжува со следните изданија:

***<u>Трудови објавени во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор за временски период од 5 години</u>***

| Date from - Date to | Objectives |
|---|---|
| *2016* | *Zanina Kirovska, Antonija Josifovska, Martin Kiselicki:* ***"Efficient management of supply chain in achieving a significant competitive advantage in the market"*** Journal of sustainable development, Integrated Business Faculty – Skopje, *March 2016*, Skopje, indexed in following databases: Ebsco Host, International Journal |
| *2015* | *Zanina Kirovska, Vesna Stojanova, Ivana Makenadzieva:* ***"BTL activity as a tool in sales strategy and sustainability of competition in the banking sector"*** Journal of sustainable development, Integrated Business Faculty – Skopje, *June 2015*, Skopje, indexed in following databases: Ebsco Host, International Journal |
| *2014* | *Zanina Kirovska & Nedzmije Njoku: "**The quality system of employee performance assessment, factor for sustainable efficiency of organization"*** Journal of sustainable development, Integrated Business Faculty – Skopje, *December 2014*, Skopje, indexed in following databases: Ebsco Host, International Journal |
| *2014* | ***Zanina Kirovska: „The challenges of business-to-business markets and creating permanent partnerships through strategic relationship marketing"*** *Book of apsrtacts* ISBN 978-9989-695-55-1, *Proceedings* ISBN 978-9989-695-56-8, *Octobar 2014* |
| *2014* | ***Zanina Kirovska: "Sustainability of handcrafts"*** Journal of sustainable |

| | |
|---|---|
| | development, Integrated Business Faculty – Skopje, January 2014, Skopje, indexed in following databases: Ebsco Host, |
| *2013* | ***Zanina Kirovska & Katerina Simonovska "Branding and its sustainability in the public sector"***, Journal of sustainable development, Integrated Business Faculty – Skopje, November 2013, Skopje, indexed in following databases: Ebsco Host, |

***Трудови објавени во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор***

| Date from - Date to | Objectives |
|---|---|
| *2017* | ***Martin Kiselicki, lecturer[1], Saso Josimovski, full-time professor[2], Zanina Kirovska, full-time professor[3]: "Implementing social media as a key component in the e-recruitment strategy":*** International scientific conference on economics and management, Ljubljana, Slovenia, Eman 2017. Conference proceedings will be submitted to indexation and / or publication and / or the listing at the Thomson Reuters ISI Web of Science (WOS) Conference Proceedings Citation Index, EBSCO, CiteSeerX, SCOPUS, ERA, ProQuest, Google Books, Google Scholar database and so on. Papers published in the proceedings will be classified as M33 category according to the regulations on scientific research results within the Ministry of Education, Science and Technological Development of Republic of Serbia. |
| *2017* | ***Aneta Vasiljevic-Shikaleska, Martin Stojanovikj, Zanina Kirovska, Martin Kiselicki, Biljana Gjozinska : "The quest for optimal fusion of learning, teaching and evaluation for improving student classroom"*** 1-st international symposium 'Teaching Methods for Economics and Business Studies, Maribor 2017 |
| *2015* | ***Zanina Kirovska: Global Conference on Managing in Recovering Markets,*** Springler Book, Faculty of Economics and Business Maribor, University of Maribor, May 2015, |
| *2014* | ***Zanina Kirovska: „The challenges of business-to-business markets and creating permanent partnerships through strategic relationship marketing"*** *Book of apsrtacts* ISBN 978-9989-695-55-1, *Proceedings* ISBN 978-9989-695- |

[1] Integrated Business Faculty, st. 3ta Makedonska Brigada no. 66A, martin.kiselicki@fbe.edu.mk
[2] Faculty of Economics-Skopje, Ss. Cyril and Methodius University, Blvd. Goce Delcev, Skopje, Macedonia, saso.josimovski@eccf.ukim.edu.mk
[3] Integrated Business Faculty, st. 3ta Makedonska Brigada no. 66A, zanina.kirovska@fbe.edu.mk

| | |
|---|---|
| | 56-8, *INTERNATIONAL CONFERENCE SME-s DEVELOPMENT AND INOVATION: BUILDING COMPETITIVE FUTURE OF SOUTH-EASTERN EUROPE, Octobar 2014* |
| *2013* | ***Zanina Kirovska: "Promotion of Tourist Destinations as Ethno-Brands",*** The International Conference on Religious Tourism and Tolerance (RTT2013) will be held in Konya, Turkey, May 2013, |
| *2012* | **Zanina Kirovska & Natasa Misovska:** Publication of **14th International Symposium of accountants of Republic of Macedonia** - Convergence of the basics of financial reporting in times of economic crisis and positioning of the accounting profession in the framework of this process, *November 2012 "Financial management and reporting through European Union funds for Republic of Macedonia",* |
| *2012* | **Zanina Kirovska & Mila Dimkovska**: Publication of **10th International scientific conference - on the way to the age of knowledge, September 2012** "The Positioning of the Viva Brand, Leader on the Macedonian Market, Among the Manufacturers of Natural Fruit Juices", |
| *2011* | Zanina Kirovska: Presenter *Publication of* **the International Congress of Tourisms and Management 2nd Biennale International Scientific Congress, Skopje, Macedonia** "The Influence of Tourism on Economic Development ", "*Strategic management in the frame of tourism and the world globalization* " |
| *2009* | Zanina Kirovska: *Publication of* **the International Congress of Tourisms and Management** "Financing and Investing in Tourism", "The Challenges and Perspectives of the Tourism and Management" in honor of the International Day of Tourism |

***<u>Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност</u>***

Од февруари 2015 д-р Кировска е именувана за Директор на Приватниот научен институт за бизнис економија Скопје и е овластен потписник на Проектот, Еразмус+ Програма-Европска програма за стратешко партнерство: "Innovative strategic partnership for European higher education" (ISPEHE) при Приватниот научен институт за бизнис економија Скопје. Проектот е во времетраење од 2 години.

Од мај 2014 кандидатката ја врши и функцијата Директор на Фондацијата „Ново образование за бизнис" - Скопје.

Во рамките на Стручно-апликативните и организациско-развоји активности на Институтот кандидатката бележи:

- Учество во промотивни активности на институтот (2013-2015)

- Рецензент во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор (2013-2015)
- Државна награда за научни достигнувања (Решение бр. 15-2122/1, 04.11.2013, МОН на РМ)
- Учество во тела на управата на Институтот (2013-2015)

(Страна 2,3 Табелата за вреднување на професионалните референци на лицето за избор д-р Жанина Кировска).

Што се однесува до комуникациските и другите вештини и квалификации, д-р Жанина Кировска поседува солидна компјутерска едуцираност, оспособена е да предава предмети на англиски јазик, стручна е за вербална и пишана презентација и комуникација, со континуирана способност за тимска работа.

Д-р Жанина Кировска во процесот на самоевалуација на институциите согласно извештаите за самоевалуација континуирано е позитивно оценет во сите сегменти на процесот, и тоа: од страна на студентите во анкетните прашалници, во текот на опсервациите на наставата од страна на Комисијата за опсервации како и согласно самоевалуациот извештај на кандидатот. Од целиот овој процес може да се констатира посветеност на кандидатот во извршување на педагошката дејност на Наставничкиот совет на ПВУ-ВСШ Факултет за бизнис економија - Скопје и на Институтот.

Доколку ги квантифицираме вредностите на д-р Жанина Кировска, согласно одредбите на постојните позитивни прописи во доменот на високото образование и научно-истражувачката дејност, би можеле да ги определиме следните поени:

**НО+НИ+СА = 162+90+26,5=278,50 поени**

Во прилог на овој извештај, а во врска со претходната пресметка на поени е табелата во која се содржани Наставно-образовните, Научно-истражувачките и Стручно апликативни и организациско развојни активности на кандидатката.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи го во вид сето погоре изнесено, комисијата заклучи дека кандидатката Проф. д-р Жанина Кировска има уште подлабок потенцијал за научно-истражувачка

дејност, има долгогодишно работно искуство во областа на маркетингот и менаџментот, како  и афинитети за наставно-образовни активности, во прв и втор циклус на студии.

Исто така, плодната издавачка дејност на кандидатката, придонесе да оцениме дека Проф. д-р Жанина Кировска, континуирано има потенцијал да биде вклучена во наставно-образовните активности и научно-истражувачки активности што се реализираат на ПВУ-ВСШ Факултет за бизнис економија –Скопје и Приватниот научен институт за бизнис економија – Скопје во областа на  маркетингот и во областа на менаџментот во рамки на првиот и вториот циклус на студии.

Затоа, на Наставничкиот совет на ПВУ-ВСШ Факултет за бизнис економија - Скопје му предлагаме да ја избере Проф. д-р Жанина Кировска  во наставно звање професор во областа на Маркетинг и во областа на Менаџмент.

РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Крсте Шајновски, вонреден  професор ____________

2. Проф. д-р Александар Костадиновски, вонреден  професор ____________

3. Проф. д-р Антонија Јосифовска, редовен  професор ____________

**Прилог**

Професионалните референци на кандидатите за избор во наставно звања на Факултет за бизнис економија се вреднуваат во следниве области:

- наставно-образовна дејност (НО);
- научноистражувачка дејност (НИ);
- стручно-апликативна дејност (СА).

Секоја референца од овие области се вреднува со соодветен број поени, дефинирани во член 2 до член 4.

| ВИД НА АКТИВНОСТ | БРОЈ | ПОЕНИ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Основи на менаџмент - предавања (прв циклус на студии) (4 часа неделно, 12 работни недели) | 4*12=48 | 0,25 | 12 |
| Основи на менаџмент - вежби (прв циклус на студии) (2 часа неделно, 12 работни недели) | 2*12=24 | 0,15 | 3,6 |
| ИБЦ 1 - предавања (прв циклус на студии) (4 часа неделно како дел од интегриран фонд на часови, 12 работни недели) | 3*12=36 | 0,25 | 9 |
| ИБЦ 1 - вежби (прв циклус на студии) (4 часа неделно како дел од интегриран фонд на часови, 12 работни недели) | 3*12=36 | 0,15 | 5,4 |
| ИБЦ 2 - предавања (прв циклус на студии) (4 часа неделно како дел од интегриран фонд на часови, 12 работни недели) | 3*12=36 | 0,25 | 9 |
| ИБЦ 2 - вежби (прв циклус на студии) (4 часа неделно како дел од интегриран фонд на часови, 12 работни недели) | 3*12=36 | 0,15 | 5,4 |
| Управување со човечки ресурси - предавања (прв циклус на студии) (4 часа неделно, 12 работни недели) | 4*12=48 | 0,25 | 12 |
| Стратегии и тактики за формирање на цените - предавања (прв циклус на студии) (4 часа неделно, 12 работни недели) | 4*12=48 | 0,25 | 12 |
| Одржлив маркетинг - предавања (прв циклус на студии) (4 часа неделно, 12 работни недели) | 4*12=48 | 0,25 | 12 |
| Е-бизнис дистрибутивни канали (прв циклус на студии) (4 часа неделно, 12 работни недели) | 4*12=48 | 0,25 | 12 |
| Е-бизнис дистрибутивни канали (прв циклус на студии) (2 часа неделно, 12 работни недели) | 2*12=24 | 0,15 | 3,6 |
| Политика на цени и менаџмент со трошоци (втор циклус на студии) | 45 | 0,35 | 15,75 |
| Настава во тренинг школи (Page 4, Education and Training from CV) | 1 | 1,5 | 1,5 |
| Консултации со студенти | 100 | 0,1 | 10 |
| Ментор на дипломска работа (2014-2016) | 30 | 0,3 | 9 |
| Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (2014-2016) | 5 | 1,15 | 4,6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Позитивно рецензиран универзитетски учебник – автор (1) (Page 11, Publications from CV) | 1 | 7 | 7 |
| Позитивни рецензиран универзитетски учебник – коавтор (1) (Page 11, Publications from CV) | 2 | 5 | 10 |
| Превод на учебник (Page 2, Professional Experience from CV) | 1 | 3 | 3 |
| Пакет материјали за одреден предмет (Промоција и пропаганда-прв циклус на студии, Политика на цени и менаџмент со трошоци-втор циклус на студии) | 2 | 2 | 4 |
| | | | **162** |
| **Научно-истражувачка (НИ)** | | | |
| Ментор на магистерска дисертација (2011-2016) | 9 | 3 | 27 |
| Раководител на меѓународен научен/апликативен проект (Page 1, Professional Experience from CV) | 1 | 9 | 9 |
| Учесник во меѓународен научен проект (Page 1, Professional Experience from CV) | 0 | 5 | 0 |
| Труд објавен во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор (Page 10, Publications from CV) | 7 | 4 | 28 |
| Труд објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор (Page 10, Publications from CV) | 5 | 3 | 15 |
| Предавање на научен собир со меѓународно учество (Page 8, 9, International meetings and symposia level Universities from CV) | 2 | 2,5 | 5 |
| Учество на научен собир/конференција со меѓународен карактер (Page 8, 9, International meetings and symposia level Universities from CV) | 5 | 1 | 5 |
| Одржано предавање по покана на универзитет (Page 5, Professional Experience from CV, Teaching Assignment, Academic year 2014/2015) | 1 | 1 | 1 |
| | | | **90** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА (СА)** | | | |
| **Стручно-апликативна дејност** | | | |
| Учество во промотивни активности на институтот (2013-2015) | 3 | 1,5 | 4,5 |
| **Дејности од поширок интерес** | | | |
| Рецензент во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор | 4 | 1 | 4 |
| Државна награда за научни достигнувања (Решение бр. 15-2122/1, 04.11.2013, МОН на РМ) | 1 | 5 | 5 |
| Учество во комисии и тела на ФБЕ | | | 2 |
| Учество во тела на управата на Институтот (Директор на Фондација НБЕ, Директор на ИБЕ) | | | 6 |
| Координатор на студиска програма, програма за | | | 4 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| мобилност, меѓународна соработка (Координатор на Еразмус+ програма, Координатор на ЕУ проект) (Page 2, Professional Experience from CV) | | | |
| **ВКУПНО** | | | **26,5** |

**НО+НИ+СА = 162+90+26,5=278,50 поени**